

# Стефан Бужаровски

**Година на раѓање:** 1977
**Степен на образование:** Докторат (хабилитација)
**Работно искуство:** 25 години

**Релевантно искуство во областа:**
Стефан Бужаровски е професор на Урбаниот институт и Факултетот за животна средина и развој на Универзитетот во Манчестер. Дипломирал на Институтот за географија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1999 година, а магистерските и докторските студии ги завршил во 2000 и 2003 година на Универзитетот во Оксфорд, во областа заштита и управување со животната средина. Се стекнал со дополнителна докторска титула (хабилитација) на Универзитетот во Краков во 2017 година. Работел на универзитетите во Лондон, Оксфорд, Бирмингем, Стокхолм, Берлин, Гдањск, Прага, Бризбен, Торино и Берген. Автор е на над 120 научни трудови и седум научни монографии во доменот на одржливиот развој, урбаната социологија и просторното планирање. Основач е на Европската опсеваторија за енергетска сиромаштија, како и на ENGAGER – европската експертска мрежа за енергетска сиромаштија, со над 200 научници ширум светот. Како признание за ангажманите за афирмација на проблемите на енергетска правда и сиромаштија на европско ниво е прогласен за „Обичен херој“ во кампањата „ЕУ заштитува“ на Европската комисија во 2019 година. Работел како советник на Европскиот парламент, Европскиот совет, Европскиот комитет за региони, Европската комисија, Светската банка, Обединетите нации, Меѓународната енергетска агенција и Енергетската заедница, како и многубројни национални и локални управни тела ширум светот – во Азија, Африка, Северна Америка, како и повеќето европски земји. Има долгогодишно активистичко искуство со заштитата на животната средина, почнувајќи од Еколошкото друштво „Опстанок“ во Скопје пред повеќе од 30 години. Бужаровски е еден од основачите на движењето ДЕМ-Млади во 1990 година, а од 1997 до 2000 година бил потпретседател на Европската федерација на млади екологисти.